# ЗАЈАКНУВАЊЕ НА УЧЕСТВОТО НА УЧЕНИЦИТЕ

Патоказ за политики, Северна Македонија

ЗАПОЧНИ ЈА ПРОМЕНАТА!

# ИМПРЕСУМ


## НАСЛОВ

Зајакнување на учеството на учениците – Патоказ за политики, Северна Македонија

## ИЗДАВАЧ

Форум за слобода во образованието
Џорџичева 8, 10 000 Загреб, Хрватска

## ЗА ИЗДАВАЧОТ

Ана Муниврана

## АВТОРИ

Билјана Трајковска и Кети Костовска

## УРЕДНИК

Лана Јурко, Мрежа на центри за образовна политика

## ГРАФИЧКИ ДИЗАЈН

АЦТ Принтлаб

Загреб, 2022 г.

ПРОЕКТ „Започни ја промената – Создавање на генерација на предводници на промена преку интеркултурно образование и волонтерство“ (Договор бр.: 612200-EPP-1-2019-1-

HR-EPPKA3-IPI-SOC-IN) Еразмус+ Клучна акција 3: Поддршка за политичката реформа. Тип на акција: Социјална инклузија преку образование, обука и млади. Загреб, 2022 г.

Кофинансирано од
програмата Еразмус+
на Европската Унија



Оваа публикација е кофинансирана од програмата Еразмус+ на Европската Унија. Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на авторите и на ниту еден начин не може да се смета дека ги отсликува ставовите на Европската Унија.

# КОНТЕКСТ

## Зошто ученичкото учество е важно на политичко и   училишно ниво?

Форумот за слобода во образованието (Хрватска), заедно со партнерските организации ИНОВА+ (Португалија), МЦГО (Северна Македонија), Мрежата на центри за образовни политики НЕПЦ, СИРИУС - Мрежа за политики за образование на мигранти, Основното училиште „Иван Мештровиќ“ (Хрватска) и Групата училишта „Хозе Естевао“ (Португалија) и Средното општинско училиште „Никола Карев“ (Северна Македонија), го имплементира проектот „Започни ја промената – создавање генерација која менува преку интеркултурно образование и волонтирање“, во рамки на програмата Еразмус+ (К3, Социјална инклузија).

Целта на проектот е да ја зајакне отпорноста на младите поддржувајќи ги во напорите да бидат здрави, самоуверени, исполнети, отворени личности кои ќе формираат и ќе негуваат здрави релации, ќе ја развиваат својата способност да бидат активно вклучени во својата заедница независно од нивното потекло и околности и независно од потенцијалните предизвици со кои се соочуваат. Обезбедувањето на услови за младите да ја изразат својата перспектива кон светот и да искусат како е да бидат слушнати и видени од нивните наставници, како и да добијат поддршка во иницијативите за креативни и иновативни проекти преку кои ќе можат да ги изразат своите таленти, вредности и потенцијал за раст, ќе ја зајакне нивната отпорност и ќе го намали ризикот за манипулација, екстремни гледишта, или штетни релации и ставови.

Политичката цел на проектот е да ги зајакне училиштата, наставниците и родителите за тие да го поддржат и уважат гласот на учениците и нивното активно учество во животот на училиштето и нивната локална заедница во трите земји што го спроведуваат проектот (Хрватска, Португалија и Северна Македонија).

Затоа, првиот кластер на проектот ЗАПОЧНИ ЈА ПРОМЕНАТА ги истражуваше перспективите на самите млади за тоа како тие гледаат на својата училишна заедница, на својата позиција во неа и на тоа дали се слушнати и видени или не се. Овие сознанија беа почетната точка за развивање на вториот кластер на материјалите за ЗАПОЧНИ ЈА ПРОМЕНАТА и наставните планови за обука на наставниците и родителите, за да ги охрабриме заедно со младите луѓе да создадат позитивни промени во нивните училишта и просторот за учење. Во третиот кластер, проектот ЗАПОЧНИ ЈА ПРОМЕНАТА се стреми да ги охрабри младите луѓе, со поддршката на своите наставници, да создаваат и да водат волонтерски иницијативи што ќе придонесат кон решавањето на проблемите, претходно идентификувани од страна на младите. Потоа, во четвртиот кластер, партнерските организации во соработка со различните засегнати страни во 3 држави и на нивото на ЕУ развиваат дополнителни препораки за зајакнување на гласот на учениците и за нивно учество во своите училишта и образовните системи на ниво на создавање на политиките.

Клучниот фокус на сите кластери на проектот е промовирање на гласот на учениците и нивното учество, затоа што сè поголем број истражувачи посочуваат дека тоа го поддржува отворањето на простор и капацитети за маргинализираните млади лица да играат клучни улоги во позитивните промени во училиштата и просторот за учење, поддржува социјално поправични училишни средини, гарантира дека и обесправените млади лица ќе бидат вклучени во процесите на донесување одлуки, и негува позитивен развој на младите преку нивно дејствување и граѓански ангажман.

Потребата за активно вклучување на учениците во училишниот живот за сите прашања што ги засегаат исто така произлегува од општиот пристап на Конвенцијата за правата на детето на Обединетите нации, којашто нагласува дека детството не е само подготовка за периодот кога ќе бидеме возрасни, туку исто така тоа е одделен период од животот на секое човечко суштество, во кој децата треба да бидат третирани како индивидуи со нивни сопствени права, како еднакви со возрасните и како

активни учесници во училишниот развој и развојот на заедницата, и кои треба да се развијат во способни и одговорни граѓани кои ќе ги почитуваат правата на другите. Само отворено училиште коешто овозможува демократско учество на учениците и ја поттикнува мотивацијата за учење и учество во училиштето претставува гаранција за стабилноста на училиштето, воспоставување однос на почитување меѓу возрасните и децата и соодветна средина во која и децата и возрасните се чувствуваат удобно.

Според многу студии, ученичкото учество го негува развојот на компетенциите што се потребни за нивно растење во демократски општества. Преку процесот на учеството, учениците стекнуваат знаење, вештини и вредности што ги подготвуваат за покомплексните форми на учеството во животот како возрасни лица. Од развојна гледна точка, учеството обезбедува континуитет помеѓу животот како дете и како возрасен бидејќи го поддржува развојот на компетенции како што се критичко размислување, автономија и одговорност, што му се потребни на секој возрасен граѓанин во секое демократско општество.

Важноста на процесот на консултација со учениците е тројна. Прво, консултацијата со учениците им помага на возрасните да се отстранат себеси од центарот, т.е. да ја разберат и перспективата на учениците. Консултацијата со учениците во некои училишта за проблемите со кои тие се соочувале ја прикажа големата разлика помеѓу перспективите на наставниците и на учениците. Учениците ги сметаа за важни некои од проблемите што наставниците воопшто не ги согледуваа како значајни. Второ, консултацијата со децата исто така им помага на возрасните да стекнат подобар увид во проблемите со кои се соочуваат децата. Кога станува збор за најдобрите интереси на детето, консултацијата со учениците ја зголемува веројатноста да донесуваат одлуки што се во нивниот најдобар интерес (Ученичко учество: Политика и практика на „Започни ја промената“, Форум за слобода во образованието, 2020 г.). Конечно, фокусирањето на социјалната инклузија на младите, помагањето тие да развијат самодоверба, чувството за идентитет и припадност и учењето како да размислуваат критички се меѓу најважните елементи за успешна превенција на радикализацијата на младите. Вреднувањето и обезбедувањето можности за учество и за слушање на гласот на младите се клучни елементи за зајакнување на чувството на припадност на учениците и за развојот на нивната самодоверба, особено за оние кои се во ранливи ситуации.

Постојат примери за ученичко учество во процесот на донесување одлуки во Северна Македонија и до сега, но само во последните две години концептот за активно вклучување на учениците во училишното планирање се здоби со поцврста основа. Законот за основно образование (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 161/19 и 229/20), за прв пат ги регулира ученичките организации и учеството во училишните заедници (Член 68). За да се осигури реализацијата на ученичките интереси на организиран начин во основните училишта, учениците самостојно ќе се организираат на ниво на одделение и во ученички парламент. Според дефиницијата во Законот, ученичкиот парламент активно учествува во застапувањето и промовирањето на правата и интересите на учениците, го промовира активизмот на учениците, учествува во активностите за обезбедување врсничка поддршка за учениците со посебни образовни потреби и во реализацијата на часовите и воннаставните активности, учествува во зацртувањето на годишната работна програма во училиштето, дава предлози за годишните програми за екскурзии, дава предлози за воннаставните активности во училиштето, дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард, учествува во евалуацијата на училиштето, учествува во советот на родители и наставничките совети со сопствени претставници и организира и учествува во хуманитарни активности, еколошки активности и работа што е корисна за заедницата. Законотисто така ја регулира и улогата на Ученичкиот правобранител, којашто е да ја гарантира заштитата и да ги промовира правата на учениците во училиштето. Врз основа на ова, од страна на Бирото за развој на образованието во 2020 година беше подготвен Водич за ученичкото учество, ученичкото организирање и заштитата на детските права во основните училишта. Во моментот се подготвува и сличен Закон за средно образование, кој се очекува да биде усвоен до крајот на 2022 година.

Скорешните истражувања спроведени од страна на Македонскиот центар за граѓанско образование покажуваат дека во основните училишта е воспоставено ученичкото претставничко тело „Ученички парламент“ (УП), што се состои од претседатели на одделенијата од секое одделение. Сепак, со оглед на тоа што воведувањето на одредбите за организација на учениците е релативно ново во Законот за основно образование, правната обврска да се воведе УП започна да биде задолжителна пред многу кратко време. Училиштата имаат добар напредок кога станува збор за техничките и процедуралните

аспекти на процесот на ученичкото учество, но сепак, целокупниот квалитет на учеството и влијанието се релативно ниски. Во повеќето средни училишта, одделенската заедница/ученичката заедница се најчестите форми преку кои учениците ги претставуваат своите ставови и мислења и најчесто се информирани за образовните политики и плановите на органите на училиштето во кое ја посетуваат наставата. Формите на учество и организација за учениците од средните училишта се различни, во зависност од волјата на секое училиште, иако има призната иницијатива и свесност меѓу учениците од средните училишта за потребата за здружување и учество во донесувањето на одлуките.

Истражувањето на МЦГО за демократското учество во основните и средните училишта (2018 г.) индицира дека учениците се чувствуваат поотворени да ги посочат проблемите што ги засегаат за време на нивниот одделенски час или на состаноците на училишната заедница. Сепак, кога одредено прашање/проблем треба да се пренесе на повисоко ниво, тие чувствуваат дека немаат доволно знаење, вештини и формални процедури за постапување. Во однос на можностите што учениците ги имаат за учество и влијание во донесувањето на одлуките за аспектите што ги засегаат и им влијаат, околу половина од анкетираните ученици кажаа дека биле во можност да учествуваат често или понекогаш, додека другите веруваат дека таква можност немале никогаш, или ретко. Генерално, учениците се сомневаат во уверувањето дека тие можат да иницираат позитивни промени во заедницата. Секој втор ученик сметаше дека учениците можат да влијаат на иницирањето на одредена промена во училиштето. Еден факт што охрабрува е тоа што мнозинството ученици чувствувале дека имаат одговорност да бидат активни во справувањето со потребите на нивната средина и дека ја имаат моќта да направат разлика во училиштето. Сепак, она што загрижува е фактот што речиси половината од нив сметаа дека ако отворено и гласно ги изразат своите мислења, би можеле да имаат непријатности во училиштето.

Проектот за Меѓуетничка интеграција на младите (имплементиран од Македонскиот центар за граѓанско образование и Младинскиот образовен форум), преку Бирото за развој на образованието работи со наставниците по Граѓанско образование и персоналот за поддршка во училиштата за да ги поддржи учениците да ги изразат своите потреби и грижи и да постигнат позитивни промени во заедницата преку спроведување на ученички иницијативи. Од сите основни училишта се очекува да го реализираат процесот на надградба на капацитетите и менторска поддршка до средината на 2022 година. Проектот исто така работи на поврзување на учениците со општините и организирање на акции во заедниците предводени од младите за подобрување на одредени аспекти од заедничкиот живот, избрани од учениците и имплементирани во соработка со општината.

Според Законот за младинско учество и младински политики (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 10/2020), секоја општина треба да формира/воспостави: а) локален младински совет, б) локален младински парламент, и б) младински центар. Важно е да се напомене дека законот младите ги дефинира како граѓани на Северна Македонија на возраст од 15 до 29 години, па според тоа е релевантен за учениците во средно образование, и за постарите. За локалните младински совети се очекуваше да бидат воспоставени во рок од една година по усвојувањето на Законот во јануари 2020 година, додека од сите веќе постојни локални младински совети со неистечен мандат се очекуваше да бидат трансформирани според новите услови од Законот. Агенцијата за млади и спорт и советникот на премиерот за младински политики, со поддршка од локалната мисија на ОБСЕ, спроведуваа информативни сесии со општините за условите предвидени во новиот Закон. Околу две третини од општините беа информирани за нивната улога во процесот на воспоставување на локални младински совети, а мало малцинство веќе ја започнаа постапката.

## Зошто учениците треба да учествуваат во развојот на наставните програми

Наставната програма е создадена со ученикот како нејзин централен фокус. Сепак, гласот на ученикот најчесто во голема мера е исклучен од процесот на креирањето и имплементацијата на наставната програма. Свеста за проблемите поврзани со недоволното внимание посветено на гласот на учениците е забележана уште од некои претходни теоретичари на наставните програми, но сепак, дури неодамна концептот за учеството на учениците во развојот на наставните програми започна активно да се применува во областа на наставната програма.

Истражувањето покажува дека консултацијата со децата и почитувањето на нивните перспективи доведува до големи промени во различните аспекти од образованието, како што е промената на односот помеѓу наставните програми и вонраставните активности и поголемото учество на децата при изборот како на наставните програми (избор на содржини/ теми, и методи на учење), така и на вонаставните активности (Флатер и Радак, 2004 г.). Друго истражување покажува дека „гласот на учениците" на учениците им дава чувство на значење и поврзаност со наставната програма (АКУ, 2008 г.)

Една честа тема што произлезе од историскиот преглед беше чувството дека личниот ангажман на учениците се зголемува кога се слуша и нивниот глас. Сепак, заради моќноста на аргументот во корист на гласот на учениците во теоријата за наставната програма, важно е да се отиде и чекор подалеку и да се побара врската помеѓу ангажманот и академскиот успех. Иако истражувањата во оваа област се релативно нови, забележани се позитивни врски помеѓу ангажираноста и учењето. Една широка анализа на универзитетско ниво откри дека „студентската ангажираност е позитивно поврзана со пожелните исходи од учењето, како критичкото размислување и добрите оценки" (Карини, Кух и Клајн, 2006 г., стр. 23).

Затоа, веруваме дека вклученоста на учениците во процесот на планирање на наставната програма е начин на подобрување на учењето од страна на учениците.

## Зошто учениците треба да учествуваат во управната структура и органите на училиштето

Учениците кои се вклучени во училишниот живот се чувствуваат како централен и есенцијален дел од него, чувствуваат дека училиштето се грижи за нив и дека можат да му возвратат со своето активно учество, што понатаму води до континуиран развој на училиштето. На крајот, атмосферата што се создава под такви услови придонесува кон подобрувањето на меѓучовечките односи меѓу децата и возрасните.

Истражувањата покажуваат дека за учениците постојат различни бенефиции од активното ученичко учество, како што се: зголемената самодоверба, зголеменото чувство на одговорност, подобрените комуникациски и организациски компетенции, зголеменото чувство на среќа и припадност кон училиштето, зајакнато верување дека учениците можат да започнат промена.

Затоа, учениците треба да бидат вклучени на различни начини и на различни нивоа од донесувањето на одлуките по сите прашања што влијаат на училиштето. Учениците можат да учествуваат во речиси сите домени на училишниот живот, што се поврзани со: наставата, вонаставните активности, односите меѓу учениците, односите со возрасните и физичките услови во училиштето, итн. Учеството во ученичкиот парламент и другите органи на училишното раководство може да ја содржи и улогата на застапување на правата на учениците и да биде катализаторот за одредени промени.

# ПРОЦЕС (МЕТОДОЛОГИЈА)

## Како дојдовме до Патоказот за политики?

Процесот започна со собирање на основни материјали и податоци за учеството на учениците во трите земји кои го спроведуваат проектот што водат до изработка на извештај за истражување на работна анализа „Учество на учениците: политика и практики за започнување на промената“ и компаративен извештај „ Гласот на учениците како знак на квалитетно училиште“ со набљудувања од учениците од избрани училишта во Португалија, Северна Македонија и Хрватска за активното учество, односите и часовите за време на кризата COVID-19

За соодветно да се подготви првата Лабораторија за политики, Македонскиот центар за граѓанско образование прибираше податоци од училиштата што учествуваа во проектот и направи нацрт-извештај за практиките на ученичкото учество во Северна Македонија на различни нивоа.

Во мај 2021 година, првата Лабораторија на политики беше организирана под слоганот: „Политики и практика за да ја започнеме промената“, како онлајн настан што собра над 60 учесници, креатори на политики, наставници, училишни лидери и персонал за поддршка, како и претставници од НВО од земјите што го имплементираат проектот и регионот на НЕПЦ заедно со Конзорциумот. Главната цел на настанот беше да се воспостави и подигне свеста за темата на ученичкото учество и за важноста на гласот на учениците во врска со промената на политиките.

За време на имплементацијата на проектот, училиштата што учествуваа во проектот организираа неколку активности иницирани од учениците. Целта на овие активности беше учениците да станат свесни дека нивните гласови можат да бидат слушнати и дека преку нивното активно учество тие можат да направат разлика и за себеси и за другите.

Како што проектот напредуваше, се зајакнуваше и свеста за значајното ученичко учество. Втората Лабораторија на политики: „Ученичкото учество – патот кон инклузивно демократско општество“ беше одржана во март 2022 година во Загреб, Хрватска. Втората политичка лабораторија се надоврза на стекнатото знаење и споделените искуства од првата лабораторија за политики и беше можност за наставниците од 15 училишта во Хрватска, Северна Македонија и Португалија и носителите на одлуки за политиките на полето на образованието да се сретнат во живо и да ги разменат своите искуства со овој проект, како и дополнително да ги дискутираат препораките за зајакнување на гласот на учениците и учеството во нивните училишта и во образовните системи.

Настанот послужи како инспирација за дискусиите меѓу учесниците на сесијата за генерирање решенија што се фокусираше на идентификацијата на политичките цели што ќе помогнат да се надмине недоволното учество од страна на учениците во процесите на донесување на одлуките во училишниот живот и управувањето на сите нивоа со специјален фокус врз потенцијалот ученичкото учество ја подобри инклузијата и да се спротивстави на негативните ефекти на незаинтересираноста на учениците.

Собраните информации исто така послужија и за подготовката на овој Национален патоказ за политики што ги наведува политичките проблеми и аспекти карактеристични за оваа држава на ниво на училиште, на локално и на национално ниво, и исто така нуди препораки за тоа како политиките да се подобруваат чекор по чекор.

## Општа политичка цел

Да се зајакне учеството на учениците во образованието

## Конкретни/специфични цели

Да се обезбеди учество на учениците во развојот на наставните програми

Да се овозможи воведувањето на партиципативниот модел на управување со училиштата

# ПРЕПОРАКИ

### Конкретна цел 1: Да се обезбеди учество на учениците во развојот на наставните програми

Усвојување на подзаконските акти за вклучување на учениците во развојот на наставните програми

Сегашните подзаконски акти усвоени од БРО/ Центарот за СОО го регулираат само ангажманот на наставници и универзитетски професори како надворешни експерти за БРО/ Центарот за СОО за развој на нови наставни програми и/или ревизија на постојните.

Подигнување на свеста меѓу засегнатите страни за важноста на вклучувањето на учениците во развојот на наставната програма

**Поради фактот што во Северна Македонија никогаш претходно не постоеше практиката да се вклучи и гласот на учениците при развојот на наставната програма, потребно е да се зголеми нивото на свест меѓу засегнатите страни. Сепак, од неодамна имаме позитивни примери на инклузија на учениците во процесот на донесување на одлуки, како развојот на нов концепт за основното образование во 2021 година и развојот на нов модел за Матурскиот испит за академската година 2021/2022.**

Обука на учениците

Примери за консултациите со децата во основните и средните училишта покажуваат дека повеќето ученици (независно од возраста) се екстремно компетентни во дискутирањето за наставната програма и процесите на учење, иако (особено помладите ученици) не се секогаш во можност да ја артикулираат својата перспектива со употреба на јазикот на формалното образование (Флатер и Радак, 2004 г.).

### Конкретна цел 2: Да се овозможи воведувањето на партиципативниот модел на управување со училиштата

Подигнување на нивото на свест меѓу персоналот во училиштата за важноста на ученичкото учество

Иако наставниците играат значајна улога во процесот, едукаторите имаат различни станови околу тоа што подразбира ученичкото учество. Едукаторите вклучени во дизајнот на партиципативниот модел може да се поделат во три групи: група на проактивни консултанти, менаџерски консултанти и група

на ограничена консултација (Томсон, 2009 г.)

Обезбедување на континуиран професионален развој (КПД) на едукаторите за ученичкото учество и партиципативниот модел на управување со училиштата

Моменталниот образовен систем не е дизајниран на начин што на наставниците кои се на почетокот на професијата им го обезбедува потребното филозофско разбирање и вештини на обука за да се создадат можности за партнерство наставник-ученик. Затоа, важно е да се ценат напорите на наставниците и на директорите на училиштата, т.е. наставниците и директорите кои го поттикнуваат и поддржуваат ученичкото учество во управувањето со училиштето да ги земат предвид и ваквите напори во методологијата за професионален (кариерен) напредок.

Обезбедување програми за училишниот персонал и учениците за ученичките комисии и совети за да го подобрат нивното разбирање на карактеристиките и функциите на овие тела/ органи

Целокупниот концепт на ученичкото учество (вклучувајќи ги и училишните комисии и совети) треба да биде јасно дефиниран, а очекувањата и за учениците и за наставниците треба да ги разберат сите вклучени во процесот на промената.

Овозможување на ученичкото учество и обезбедување на неговиот развој од обична формалност во значаен процес, т.е. создавање охрабрувачка средина

Кога гласот на учениците би се вовел на вештачки начин, тоа всушност може да биде и штетно за училишната средина. Ова е особено точно ако постои историја на третман на учениците без почит. Неискрениот пристап кон партнерството наставник-ученик ќе доведе до тоа учениците да станат незаинтересирани и отуѓени (Митра и Грос, 2009 г.)

## Зајакнување на ученичкото учество во училиштето

| Конкретни цели | Препораки | Акција | Лидер/ Актери | Ниво на имплементација | Временска рамка/ приоритети |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Обезбедување ученичко учество во развојот на наставните програми** | Усвојување на подзаконските акти за вклучување на учениците во развојот на наставните програми | **1. Создавање на работни групи (РГ) за промена на подзаконските акти**<br>1.1. Дефинирање на доменот на РГ (Треба да се процени)<br>1.2 Дефинирање на членовите на РГ<br>1.3 Формирање на РГ<br>**2. Зацртување на новите подзаконски акти**<br>2.1. Анализа на добрите практики<br>2.2. Анкети/Фокусни групи со наставници/ ученици/ ранливи категории<br>2.3 Нацрт на концептот на ученичкото учество, што треба јасно да се дефинира<br>2.4. Подготовка на нацрт- подзаконски акти<br>**3. Усвојување на подзаконските акти**<br>3.1. Јавни консултации<br>3.2. Вклучување на коментарите<br>3.3. Усвојување на подзаконските акти | Министерство за образование и наука/ Биро за развој на образованието /Центарот за стручно образование и обука | Политичко ниво | |
| | Подигнување на нивото на свест меѓу засегнатите страни за важноста на вклучувањето на учениците во развојот на наставните програми | **1. Ангажирање на експерти** со претходно искуство во вклучување на учениците при развојот на наставните програми за да се промовираат бенефициите (на пр. подобрување на учењето од страна на учениците). Треба да се обезбедат конкретни податоци што може да го потврдат тврдењето дека давањето на поголема важност на гласот на учениците ќе има опиплив позитивен ефект врз ангажманот на учениците и нивните достигнувања.<br>**2. Тркалезни маси** со претставници од МОН, БРО, Центар за СОО, од универзитетите, наставници и ученици да ги презентираат резултатите од анализата на добрите практики и да дискутираат за начините на вклучување на учениците во развојот на наставната програма. Очекувањата од учениците треба да бидат разбрани од сите вклучени во процесот. | МОН/ БРО/ ЦСОО | | |
| | Обука на учениците | **1. Создавање модул за обука** за ученичко учество од страна на советниците во БРО и Центарот за СОО<br>**2. Обука на учениците** заинтересирани во учеството и во искажувањето на нивната перспектива во развојот на наставните програми | МОН/ БРО/ ЦСОО | | |
| | Подигнување на нивото на свест меѓу персоналот во училиштето за важноста на ученичкото учество | **1. Дефинирање на јасна рамк**а за учеството на децата во управувањето со училиштето<br>**2. Организирање семинари** за директори и училиштен персонал за важноста на ученичкото учество | МОН/ БРО/ ЦСОО / Училишта/ Локални власти | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 3. **Промоција на добрите практики** на училишно и општинско ниво во соработка со медиумите<br>4. **Дискусија** на можностите и предностите на ученичкото учество на **наставничкиот совет и состаноците за активности** | | | |
| **3. Овозможување на воведувањето на партиципативниот модел на управување со училиштето** | Обезбедување континуиран професионален развој на едукаторите за ученичкото учество и партиципативниот модел на управување со училиштето | **1. Амандмани на двата подзаконски акти за обука на директорите** (основна и напредна) и сертификација (Службен весник бр.219/15) за да се додаде модул за обуки за ученичко учество.<br>**2. Акредитација на приредувачите на обуките и на програмите за обука** на наставници за ученичкото учество, од страна на БРО и додавање на овие програми на официјалниот каталог на обуки и на програмата за обука на наставници усвоена на годишно ниво од страна на МОН.<br>**3. Амандмани на подзаконскиот акт за кариерен развој** (Правилник за професионалните стандарди за називот наставник-ментор и наставник-советник и начинот на добивање на овој назив) со цел да се евалуираат/земат предвид напорите/активностите на наставникот за создавање на средина погодна за ученичко учество | | Училишно ниво | Веднаш<br>Континуирано |
| | Обезбедување програми за училишниот персонал и за учениците за училишните комисии и совети за да се подобри нивното разбирање на карактеристиките и функциите на тие органи | **1. Креирање упатства за ученичкото учество** во средните училишта (врз основа на веќе развиените упатства за основните училишта)<br>**2. ПОДГОТОВКА на прирачник со** примери за добри практики и проекти/ активности што може да се организираат од страна на Училишниот парламент и ученичкиот правобранител (на пр. како да се учествува на значаен начин во развојот на годишната работна програма на училиштето; како да се земе предвид гласот на маргинализираните ученици, како да се подобри ученичкиот стандард, акции на заедницата, како да се изградат посилни односи наставник-ученик, итн.)<br>**3. Организирање сесии за обука** за членовите на Ученичкиот парламент | | | |
| | Овозможување на ученичкото учество и обезбедување на неговиот развој од само формалност во значаен процес (создавање на охрабрувачка средина) | **1. Организирање на училишни проекти** со постепено зголемување на нивото на одговорност што учениците го имаат во имплементацијата на задачата и **активно вклучување на повеќе** ученици | | | |
| | | 2. воведување на креативни начини на **анкетирање на мислење и анализа на потребите на сите ученици**, за темите што ќе дојдат пред претставување пред Советот | | | |
| | | **3. Организација на собири наставник-ученик** за време на училишната година за тие да можат да се запознаат едни со други, а на тој начин подобрувајќи ја нивната меѓусебна комуникација. | | | |

# ЛИТЕРАТУРА


АКУ (2008). Домен на студијата за пристапите кон ученичката благосостојба: Преглед на литературата. Австралиски католички универзитет (АКУ) & Еребус Интернационал (Scoping study into approaches to student wellbeing: Literature review)

Карини, Р. М., Кух, Г. Д., и Клајн, С. П. (2006 г.). Ученичката ангажираност и ученичкото учење: Тестирање на поврзаноста. Истражување во повисокото образование, 47(1), 1-33. DOI: 10.1007/s11162-1850-9 (Student engagement and student learning: Testing the linkages. Research in higher education)

Флатер, Џ. & Радак, Џ. (2004 г.). Консултации со учениците: Што ги очекува училиштата? Лондон и Њујорк: Рутлеџ Фалмер (Consulting pupils: What's in it for schools?)

Ј. Врањешевиќ, М. Дермиш (2020 г.) Ученичко учество: Политики и практики за започнување на промената, Извештај од деск-истражување, Форум за слобода во образованието. Загреб, Хрватска (Students' participation: Policy and Practice to Start the Change, Desk Research Report)

Ј. Јагерсма (2010 г.), Зајакнување на учениците како активни учесници во дизајнот и имплементацијата на наставната програма, Истражување на образовниот систем на Алберта. (Empowering Students as Active Participants in Curriculum Design and Implementation, Research into the Alberta Education System.)

Закон за основно образование (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 161/19 и 229/20)

Закон за младинско учество и младински политики (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 10/2020)

М. Чешларов и други. (2020 г.), Водич за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права во основните училишта, Коалиција на младински организации СЕГА, Прилеп, Република Северна Македонија, ISBN 978-608-4631-12-5, COBISS.MK-ID 111977738

Митра, Д. Л., и Грос, С. Џ. (2009 г.).Повишување на гласот на учениците во реформата на средното образование: Градење партнерства, подобрување на резултатите. Образовен менаџмент, администрација и лидерство) , 37 (4), 522-543. издание: 10.1177/1741143209334577 (Increasing student voice in high school reform: Building partnerships, improving outcomes. Educational Management Administration & Leadership)

Н. Бакета, М. Ковачиќ (2021) Компаративен извештај: „Гласот на учениците како залог за квалитетно училиште: размислувања на учениците од избрани училишта од Португалија, Северна Македонија и Хрватска за активната соработка, односите и наставата за време на кризата со КОВИД-19, Форум за слобода на образованието. Загреб, Хрватска (Comparative Report , "Student Voice as a Token of a Quality School", – observations by students from selected schools in Portugal, North Macedonia and Croatia on active participation, relationships and classes during the COVID-19 crisis)

Програма за обука и испит на директори на основни и средни училишта (Службен весник на Република Македонија бр. 219/15)

Програма за напредна обука на директори (Службен весник на Република Македонија, бр. 219/15)

Истражување на практиките на ученичкото учество во Северна Македонија на различни нивоа (2020 г.), Македонски центар за граѓанско образование, Скопје, Република Северна Македонија

Правилник за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници и утврдување на висината на надоместоците (2021, бр.01-195/1), Биро за развој на образованието, Република Северна Македонија

Правилник за основните професионални компетенции за наставниците во основните и средните училишта по подрачја (2020 г., Бр.18-3999/1), Министерство за образование и наука, Република Северна Македонија

Томпсон, П. (2009). Консултации со учениците од средно образование за нивното учење. Оксфордска ревија за образование, 35 (6), 671-687. издание: 10.1080/03054980903357319 (Consulting secondary school pupils about their learning)

Конвенција на правата на детето на Обединетите Нации

START THE CHANGE!

www.startthechange.net